# ‚Овие џамии не се место за вакви работи – за уринирање или нечистотии – туку се изградени за спомнување на Возвишениот Аллах, за намаз и за учење на Куранот.‘

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Додека бевме во џамијата со Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, влезе еден бедуин и почна да мокри во неа. Асхабите на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, извикаа: ‚Престани! Престани!‘ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, им рече: ‚Не го прекинувајте, оставете го.‘ Така го оставија додека заврши. Потоа Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, го повика и му рече: ‚Овие џамии не се место за вакви работи – за уринирање или нечистотии – туку се изградени за спомнување на Возвишениот Аллах, за намаз и за учење на Куранот.‘ Потоа Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, нареди еден од присутните да донесе кофа со вода и ја истури врз тоа место.“
[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, беше во неговата џамија заедно со асхабите, кога дојде еден бедуин од пустината и почна да мокри во еден агол од џамијата. Асхабите го прекорија и му рекоа: „Престани со тоа!“ Но Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Оставете го, не прекинувајте го.“ И го оставија додека заврши. Потоа Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, го повика и му рече: „Џамиите не се место за вакви работи – за уринирање или каква било нечистотија – туку тие се изградени за спомнување на Возвишениот Аллах, за намаз, за читање на Куранот и слично.“ Потоа му нареди на еден од асхабите да донесе кофа со вода и да ја истури лесно врз урината.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee